Република Македонија
Општина Радовиш
Бр. 12-434/1
02.03.2017 год..
Радовиш

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/2002), а согласно Одлуката на Советот на општина Радовиш бр. 08-409/1 од 28.02.2017 год. Градоначалникот на општина Радовиш, распишува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за распределба на средства од буџетот на општина Радовиш на здруженија на граѓани и невладини организација од општина Радовиш за 2017 година

I. Се распишува оглас за распределба на средства од Буџетот на општина Радовиш на заинтересирани здруженија на граѓани и невладини организации од општина Радовиш за 2017 год.

II. Потребни документи за поднесување се:

- Извештај за работата од претходната година потврден од Управниот Одбор со прилог завршна сметка или Изјава од Централен регистар;
- Програма за работа со финсиски план за 2017 година;
- Преглед на проекти реализирани во 2016 година;
- Проекти за тековната година и апликации до каде ги имаат доставено и датум на аплицирање со утврдена цел на проектот, очекуван резултат, до каде е постапката по аплицирањето;
- Преглед на носители и донатори на проектите;
- Посебен извештај за потрошените средства добиени од ЕЛС општина Радовиш во 2016 година;
- Тековна состојба од Централен регистар или банка.

III. Период на доставување на документите по објавениот Оглас од 02.03.2017 год. до 10.03.2017 год.

Доставување на потребните документи е на адреса Совет на општина Радовиш , Комисијата за Финансирање, Буџет и локален економски развој бул. Александар Македонски бр.7 Радовиш најдоцна до 10.03.2017 год.

Претседател на
Комисија за Финансирање, Буџет и
локален економски развој
Ѓорѓи Манев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА "СОВЕТ НА ОПШТИНА" ОПШТИНА РАДОВИШ